Согласно член 10 и 39 став 2 од Законот за заштита и спасување - Пречистен текст (СВРМ бр. 93/2012), а врз основа на Методологијата за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирањето на заштитата и спасувањето (СВРМ бр. 76/06), Основниот суд во Охрид, преку Претседателот на судот, Васил Батковски, на ден 29.12.2021 година, го донесува следниот:

# ПЛАН
## ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ ЗА ОСНОВНИОТ СУД ВО ОХРИД

Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи содржи:

I. Општи карактеристики на Основниот суд Охрид;
II. Проценка на загрозеност од природни непогоди и други несреќи;
III. План за заштита и спасување по мерки за заштита и спасување;
IV. Определување стручно лице за ракување со Планот за заштита и спасување
V. Прилози;

### I. Општи карактеристики на Основен суд Охрид:

- Локација: **Охрид;**
- Дејност: **првостепен суд со проширена надлежност;**
- Број на вработени: 83
- Максималниот капацитет на присутни лица во објектот е: 150
- Начин на градба на објектите: цврста градба
- Опасни материи кои се користат: Гориво за домаќинство

### II. Проценка на загрозеност од природни непогоди и други несреќи

***1. Загрозеност од урнатини:*** Охрид се наоѓа во зона која е прва сеизмогена зона со М= 6,1-7,8 односно се очекуваат земјотреси со максимални магнитуди М=6,5-8.0 во должина преку 80 км, која се одликува со концентрација на земјотреси во повеќе подрачја (Корча, Охрид, Дебар). Бидејќи територијата на Охрид спаѓа во првата сеизмогена зона, постои релативно висок степен на загрозеност од урнатини.

***2. Загрозеност од поплави:*** Опасност од поплави инма во подрачјето на градот Охрид кое е во непосредна близина на Охридското езеро, како и во делот на Студеничко блато. Судот не се наоѓа во предел кој е изложен на голема загрозеност од поплави.

***3. Загрозеност од пожари:*** Причини за настанување на пожар се: употреба на отворен пламен; зажарени тела; електрична енергија; догорче од цигара; неред и нечистотија во присуство на чист кислород; дефекти на разни уреди и природни појави.

Имајќи ги предвид градежните карактеристики на Основниот суд во Охрид, можни се пожари во:

- Котларата на судот каде се чуваат времените резервоари за гориво, архивата на судот како и шалтер салата и други канцеларии во кои работаат судските службеници

***4. Загрозеност од експлозии и технолошки несреќи:*** Можни се експлозии во: Котларата на судот каде се чуваат времените резервоари за гориво .

***5. Загрозеност од НУС и други експлозивни средства:*** Можно е пронаоѓање на НУС при евентуални доградби во објектот и можна е евентуална диверзија со поставување на експлозив во објектот.

***6. Можности за давање прва медицинска помош:*** Можни се потреби од давање на прва медицинска помош во случај на повредување на присутно лице во објектот до доаѓањето на екипите на итната медицинска служба.

***7. Загроженост од снежни врнежи и намети:*** Во Охридско - Преспанската котлина снежни врнежи се јавуваат просечно во 20 денови во годината, а просечната висина на снежниот покривач изнесува под 20 см.

***8. Загроженост од атмосферски празнења (удари на гром):*** Согласно Македонскиот стандард за Заштита на објекти од атмосферски празнења - МКС Н. Б4. 803 (Просечен годишен број денови со грмотевици), Охрид спаѓа во регионите со најголем број денови со грмотевици во Република Северна Македонија, и тоа 40-50 денови со грмотевици годишно. Просечниот број денови со грмотевици се користи за одредување на нивото на заштита на објектите од атмосферски празнења.

## III. План за заштита и спасување со мерки за заштита и спасување

Заштитата и спасувањето во Република Северна Македонија се заснова на следниве основни начела:

1) **секој** има право на заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи;

2) во заштитата и спасувањето од природни непогоди и други несреќи **приоритет имаат животот и здравјето на луѓето**;

3) при настанување на природни непогоди и други несреќи **секој е должен да помага** во рамките на своите можности;

4) Републиката, општините и **трговските друштва се должни**, навремено да ги организираат и преземат превентивните и оперативните мерки за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи;

5) секое физичко и правно лице, во согласност со закон, **одговара за неспроведување на предвидените мерки за заштита и спасување**;

6) при ангажирањето на силите за заштита и спасување се употребува моделот на постапност, при што најпрвин реагираат силите на сопственикот, потоа општината, Републиката и меѓународната заедница и

7) податоците за опасностите и преземените активности за заштита и спасување, се јавни и мора транспарентно да се објават.

Мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен и оперативен карактер.

**Превентивни мерки** за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање и со примена на техничките нормативи при проектирањето и изградбата на објектите.

**Оперативни мерки** за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи се:

- активности за откривање на непосредната опасност;
- активности за справување со природни непогоди и други несреќи и
- активности за отстранување на последиците од природните непогоди и други несреќи.

Согласно проценката на загрозеност наведена во точката I превентивни и оперативни мерки кои треба да се спроведуваат за Основниот суд Охрид, се следните, соодветно за секоја мерка наведена во проценката:

***1. Евакуација на вработените и присутните лица во судот:*** Имајќи го предвид максималниот капацитет на објектите, истите се проектирани така да може присутните

лица да ги напуштат истите најбрзо што може, при што не смее да се користат лифтовите.

Притоа сигурносните скали мора да се обележани, да се секогаш целосно проодни и без никакви препреки, нивните огноотпорни врати мора да се секогаш отворени и паничните (нужни) светла по ходниците, скалите и излезите мора секогаш да се исправни.

***2. Засолнување***: Во случај на воени дејствија или РХБ опасност присутните лица треба да се засолнат во подрумските простории во кои не се наоѓаат резервоарите за гориво. Притоа треба да се користат скалите и сигурносните скали во хотелите, а не смее да се користат лифтовите.

***3. Заштита од урнатини:*** Објектот е проектиран и граден со армирани-бетонски конструкции согласно сеизмогената заона во која се наоѓа и при евентуален силен земјотрес не се очекува целосно рушење на истиот, со што би се овозможило напуштање на објектот за време и по земјотресот по предвидените патишта за евакуација. (притоа не смее да се користат лифтовите).

***4. Заштита од поплави:***

- Објектот не може целосно да биде поплавен

- За да се спречи делумно поплавување на некоја просторија во објектите потребно е секој појавен дефект веднаш да се пријавува кај одговорното лице. Водоводната инсталација редовно да се одржува и сервисира од страна на задолжените работници.

***5. Заштита од пожари:***

Имајќи ги предвид можните причини за настанување на пожари и градежно-конструктивните карактеристики на Основниот суд Охрид, потребно е да се преземаат следните мерки:

- ***во електричните спратни и разводни табли*** во кои се користат топливи (термички) осигурувачи, при секое испаѓање да се поставуваат исклучиво оригинални патрони;

- ***оштетените прекинувачи или штекови*** веднаш да се заменуваат со нови и прописно да се прицврстуваат;

- ***не смее да се изведуваат импровизирани електрични инсталации*** без претходно изготвена техничка документација;

- ***отпадните материи при секојдневното работење*** да се складираат исклучиво во предвидените места и контејнери;

- ***до колку има потреба од заварувачки работи*** потребно е да се преземат сите потребни мерки за спречување на пожари како и присуство на стручно лице за гаснење на пожар со потребна опрема и средства за гаснење на пожари;

- ***агрегатските постројки*** секогаш да се одржуваат во чиста состојба и агрегатите редовно да се испитуваат, одржуваат и сервисираат;

- ***котларата*** секогаш да се одржуваа во чиста состојба и редовно да се одржува и сервисира;

***Одржување на противпожарната опрема и средствата за откривање, јавување и гаснење на пожари:***

***1. Противпожарни апарати***

- Основниот суд Охрид е опремен со потребен број на противпожарни апарати согласно површината на објектот и противпожарното оптоварување на истиот и тоа: 10 противпожарни апарати.

***Одржување на противпожарните апарати:***

- ***Редовен преглед се врши најмалку еднаш месечно.*** Се согледува пристапот до апаратот; општата состојба; комплетноста на апаратот и состојбата со пломбата.

- ***Сервисен преглед се врши најмалку еднаш годишно.*** Опфаќа целосна проверка на исправноста на апаратот и на средството за гаснење во него. Податоците за апаратот и датумот на сервисот се внесуваат во картон. Сервисниот преглед го вршат правни лица кои имаат Овластување издадено од Дирекцијата за З и С , од 2018 година.

- ***Контролно испитување*** се врши најмалку секоја петта година, а за апаратите постари од 15 години на секои 2 години. Опфаќа испитување на апаратот со вода под притисок согласно упатството на производителот. Контролното испитување го вршат правни лица кои имаат Овластување издадено од Дирекцијата за ЗиС, од 2018 година.

***2. Хидрантска мрежа***

- Основниот суд во Охрид е опремен со хидрантска мрежа за гаснење пожари и тоа: на секој спрат од судот има инсталирано ормарче со хидрант со притисок од 7 бари, црево и метален приклучок за цревото.

***Одржување на хидрантската мрежа:***

- ***Се испитува најмалку еднаш годишно***.

- Хидрантските црева се испитуваат најмалку еднаш годишно на притисок од 7 бари.

- Испитувањето го вршат правни лица кои имаат Овластување од Дирекцијата за ЗиС.

***3. Инсталации за автоматско откривање и јавување на пожар***

- Основниот суд во Охрид не е опремен со централа за автоматско откривање и јавување на пожари.

***4. Инсталација за панично (нужно) светло***

- Основниот суд Охрид е опремен со инсталација за панично (нужно) светло и тоа по сите излези, ходници, скали и сигурносни скали.

***- Инсталација за панично (нужно) светло се испитува најмалку еднаш годишно.***

**Постапка во случај на појавен пожар:**

- Доколку се работи за почетен пожар веднаш се пристапува кон гаснење со помош на ПП апарати;

- Преку рачните јавувачи се пријавува пожарот;

- Пожарот се пријавува во ТППЕ - Охрид на повикувачкиот број 193;

- Се исклучува доводот на ел. енергија;

- Се евакуираат материјалните добра со посебна вредност;

- Се затвораат сите отвори и врати за да се спречи ширењето на пожарот;

- По доаѓањето на екипите на ТППЕ - Охрид понатамошното гаснење на пожарот им се препушта на професионалните пожарникари.

***6. Заштита од експлозии и технолошки несреќи:*** Имајќи ги предвид можните критични места од настанување на експлозии во Основниот суд Охрид потребно е да се преземаат следните мерки:

- ***просторијата со резервоарите за нафта*** треба редовно да се одржува чиста и во неа не смее да се чуваат никакви материии или предмети;

- ***агрегатската просторија*** треба редовно да се одржува чиста и во неа не смее да се чуваат никакви материии или предмети;

***7. Заштита од НУС и други експлозивни средства:*** Во случај на пронаоѓање на НУС при евентуални доградби во објектите или евентуална диверзија со поставување на експлозив во објектот веднаш се јавува во полиција (тел. бр. 192), се евакуираат лицата во

околина на НУС и просторот се ограничува до доаѓањето на овластените лице од МВР или овластениот пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување.

***8. Пружање прва медицинска помош:*** Во случај на потреба од пружање на прва медицинска помош во случај на повредување на присутно лице во објектот, до доаѓањето на екипите на Итната медицинска служба, потребно е да се постави ормар со опрема за итна медицинска помош и да се оспособат вработените за пружање на итна медицинска помош.

***9. Заштита од атмосферски празнења (удари на гром):*** Имајќи предвид дека Охрид спаѓа во регионите со најголема број денови со грмотевици во Република Македонија и тоа 40-50 денови со грмотевици годишно, Основниот суд Охрид е заштитен од атмосферски празнења со громобранска инсталација .

## IV. Определување стручно лице за ракување со Планот за заштита и спасување

Согласно Уредбата за начинот на ракувањето и употребата на Плановите за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи (СВРМ бр. 76/2006) за стручно лице за ракување и употреба на Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи за Основниот суд во Охрид се определува лицето Ацо Ситникоски, по занимање бравар.

**Ракувањето** со Планот за заштита и спасување опфаќа водење на евиденција на документите, нивно ажурирање, изменување и дополнување.

- Евиденцијата на документите од Планот за заштита и спасување се врши согласно прописите за архивска граѓа.
- Ажурирањето на документите од Планот за заштита и спасување се врши континуирано согласно потребите и плански.
- Изменувањето и дополнувањето на документите од Планот за заштита и спасување се врши ако има промени во Проценката на загрозеност од природни непогоди и други несреќи, промени во расположивите сили за заштита и спасување и ако тоа е предвидено со годишната програма за работа на Основниот суд Охрид.

**Употребата** на Планот за заштита и спасување се врши во зависност од видот и обемот на природните непогоди и други несреќи и големината на подрачјето зафатено од нив. Притоа мерките предвидени во Планот за заштита и спасување се спроведуваат постојано, според одредена динамика или според појавената потреба од нив.

Стручното лице води Дневник за заштита и спасување, кој се води текстуално и шематски, со хронолошки ред, по место и време. Во дневникот се внесуваат податоци за видовите и интензитетот на природните и други несреќи, последиците и учесниците во изведувањето на интервенцијата во заштитата и спасувањето и други податоци од инетрес.

## V.Прилози

-Список на вработени со адреса и телефон
- Местоположба на објектот од Google maps со пристапни патишта
- Шема на објектите со поставеност на ПП опремата
- Шема на објектите со излези за евакуација и место за евакуација.

Претседател,
Васил Баткоски